Повеќе внимание, ве молам!
Студентите за зелена иднина,за нас се работи!

Е- елегично природата заѕвонува
К- крева,буди,расонува:
О- облакот место пердуви бели
Л- лее оловници- црнила цели,
О- обденуваат утра, морни сиви,
Г- глодаат жеги ко ѕверки диви.
И- И флората и фауната свенале лик
Ј- јасно пелтечат,молат низ крик:
А- “Аман Човеку! Барај спас!
Крени глава! Пушти глас!
Ова е последниот час!”

И… вистина Човеку, каде си? Гледаш? Слушаш? Сеќаваш? Свести се! Види ги голините на планините. Грдосни струпливи- сртови дупливи. Зеленилата се стискаат од ѓубриштата што ги плискаат. Види ги реките, ем папсани, ем вапсани. Моќите им се скратени заради коритата зафатени. Слабеат трајно. Смрдат бескрајно. Воздухот полн чад и смог, се влечи, жари, гори, печи. Денес демне нова жртва- утре само бројка мртва. Птичјиот пој втонал во замки безброј. Низ полињата раскалени, дуваат ветришта ненајавени. Штрковите сé поретко слетуваат, во оџаците кај се загнездуваат. Почвата со пестициди затестена, во ендеци и ерозии наместена. Утробата $ е јалова штура, полна пепел и сура. И она што се раѓа, предвреме паѓа. Питка вода нема, неразумот ја зема.

Ех Човеку,Човеку! Без претерување,ама сé, баш сé, е за спасување .Ти згреши. Ти реши. Ти напрај. Ти опрај. Јас верувам во тебе. Нели ти беше тој на кој, во едно тешко време му падна јаболко на теме и... еурека! Нели ти беше тој, кој кога во када се метна, мисла ти светна, гол се шетна и...

еурека! Тој кој без отровни прашаци садеше разнобојни грашоци, и пак еурека. Е, па ... ајде Човеку. Ајде! Мрдни ! Време е да ги мобилизираш сите твои физички и ментални ресурси. Впрегни ги ко волови и заорај ја браздата за спас на Земјата. И не ми се правдај, молим те, дека сега нема здрави јаболка ко на Исак, чиста вода ко на Архимед и јадри грашоци ко на Мендел, па демек затоа немаш нови еуреки. Е, имаш Човеку. Токму грдите јаболка, смрдливата вода и црвосаните грашоци нека ти го ставаат прстот на умот.

Го сети еколошкиот дебаланс?! Сети дека природата ја губи улогата на безграничен регенератор?! Сиот твој отпад акумулиран во нејзината утроба, ја доведе во прашање сеопштата опстојба. Животот живее на малата сина планета во Вселената. Сочувај го. Колку и да е нечија еко-несовест висока, ти надвиси ја. Колку и да е нечија еко-непоромисленост широка, ти надшири ја. И од таму... почни ја битката за живот. Мегдан- биосферата. Оружје- еколошкото право. Тактика- алтернативата. Секоја чест Човеку. Ете ти ја новата еурека. Еколошкото право е збир од принципи и мерки кои го стимулираат одговорното граѓанско однесување. Правото мора да владее. Во спротивното , ќе ја презентира својата репресивна страна. За секој непослушник- казна. За секој непочитувач- данок. Само така ќе го зачуваме ова парче неверојатна убост. Е со вакви умој сложни, нема нешта невозможни. Јавната свест огреана и душата насмеана. Вистинските вредности отворени, задачите точно одговорени. Само со сменат мисловен фазон, ќе си ги сошиеме дупките во нашиот озон. Нели природата нема цена? Нели е главна на животната сцена? Овај став учен е многу клучен, за живот трајна, за иднина бескрајна. Затоа, повеќе внимание молам, на возрасните памет ќе им солам:

студентите се за иднина зелена,
за живот на Земјата во Големата Вселена;
за нас се работи,
доста само се баботи.
Да се има почит кон еколошкото право,
мора да се сфати здраво!
Еурека!

ШИФРА: Еурека